28837

12554

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Четврток 15 април 1982 год. ● стр. 10

MSU 28837

Нова

### Претстојни изложби во МСУ

# Творештво од сите генерации

● СО МАЛО ЗАДОЦНУВАЊЕ, ПОЗНАТА Е ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА МУЗЕЈОТ ЗА ОВАА ГОДИНА: ЕДИНАЕСЕТ ГОЛЕМИ ИЗЛОЖБИ, ПРЕДАВАЊА, ПРОЕКЦИИ, ПРЕТСТАВИ...

Деновиве Републичката СИЗ на културата, на Музејот на современата уметност од Скопје му даде начелна согласност дека ќе му ги финансира изложбите што овој годинава треба да ги реализира како плод на меѓурепубличката соработка. Делот од програмата на Музејот што го финансира градската СИЗ на културата веќе од порано е потпишан со финансиерот. Така, иако релативно доцна, директорот Соња Абаџиева — Димитрова можеше да не запознае со дејноста на Музејот до крајот на годинава.

Одделот на збирки и депоа, најзначајниот во Музејот на современата уметност, и годинава продолжува со збогатувањето на своите фондови преку откупи на дела од основоположниците на македонската ликовна уметност, потоа дела од уметници што ќе излагаат во Музејот и дела што се добиваат преку наградните откупи од изложби во Републиката и земјата. Музејот и натаму ќе ја поддржува акцијата на подарување што го вршат поединци и институции од земјата и светот и која во значителна мерка придонесува за збогатување на музејските збирки. Одделот за општа и образовна дејност ќе ја подготви изложбата под наслов „Надреализмот во современото југословенско сликарство“ и ќе ја прикаже во сите градски општини. Ќе одржи предавања, проекции на филмови во соработка со Кинотеката на Македонија, театарски претстави, концерти и педагошки единици со ученици и студенти.

#### Интервенции во простор

Изложбеното одделение, за чија дејност владее најголемо интересирање, и годинава како и досега ќе биде ориентирано на прикажување на македонското современо ликовно и применето творештво од сите генерации и, се разбира, на југословенското и странското. Четвртата изложба „Млада генерација“ е во тек и ќе трае до крајот на месецов. На 20. април ќе биде отворена изложба на дела од студијата за пластика во дрво од Прилеп, организирана во соработка со Центарот за современа ликовна уметност од овој град. Изложбата што ќе ја видиме во Скопје, кон крајот на минатата година беше одржана во белградскиот павиљон „Цвијета Зузориќ“ и доби високи оценки од стручната критика. На 15. мај ќе се отвори ретроспективата на сценографии на познатиот македонски сценограф Бранко Костовски, кој бележи 30 години од својата дејност. По тој повод „Македонска книга“ и Музејот ќе ја издадат седмата монографија посветена на делото на овој автор.



Во октомври во МСУ: Мирослав Шутеј — мал црно-бел фолк цртеж, 1978

Во соработка со Галеријата „Надежда Петровиќ“ од Чачак, во периодот мај — јуни Музејот од своите клоекции ќе направи изложба во овој град, претставувајќи ја современата македонска графика и сликарство. Изложбата е со реципрочен карактер: идната година оваа чачанска галерија ќе одржи изложба во Музејот. На 20. јуни, во соработка со Музејот на современата уметност од Белград, во скопскиот МСУ ќе биде отворена изложба под наслов „Вербо-воко-визуелно“ чиј комесар е Владан Радовановиќ. Ќе бидат презентирани дела од оние ликовни насоки што се помалку познати: концептуалната уметност, хепенингот, инсталациите, уметноста на 70-тите години во Југославија и друго. Во месеците јули и август во рамките на Скопското културно лето, Музејот на современата уметност ќе се вклучи со својата манифестација под наслов „Интервенции во просторот“ на која учество ќе земат уметниците од Скопје — Шемов и Фидановски, од Кавадарци — Глигор Стефанов, од Бергамо — Бруно Талпо (кој истовремено ќе учествува и во Прилепската ликовна колонија) и од Словенија — дружината од Шемпас. Тие ќе делуваат вон музејскиот простор и по одржувањето ќе биде издаден каталог.

#### Македонски уметници

Во периодот септември — октомври ќе биде презентирана групата „Јуни“, позната меѓународна ликовна група во која учествуваат, покрај странските и југословенските, и неколку македонски уметници. Членовите на „Јуни“, како што е познато, негуваат еден изменет однос кон уметноста. Во октомври ќе биде одржана самостојна изложба на загрепскиот графичар Мирослав Шутеј. За таа прилика Музејот ќе го обезбеди и петнаесетминутниот „документарец“ на Ненад Пуховски посветен на делото на овој познат графичар, за кој на 29. фестивал во Белград Енес Мидиќ доби златен медал за камера. Истиот месец, МСУ ќе биде организатор на југословенското учество на Медитеранското биенале во Александрија.

Во ноември е изложбата на слики од Ристо Калчевски, а во декември изложбата на слики и цртежи на Илија Пенушлиски и на графики и цртежи на Борис Јесих. Термините за две-три изложби, меѓу кои и на изложбата на британскиот цртеж, сè уште не се одредени.

С. Ѓуровска